Марија Попоска
Охрид

# МАРИН ГЕТАЛДИЌ



Марин Геталдиќ е роден во Дубровник на 2 октомври 1568 година. Учел во Дубровник од 1575 до 1588 година. Во тоа време гимназијата во Дубровник била на завидна ниво како со квалитетот на своите наставници, така и со наставните програми и организацијата на работата. Во неа Геталдиќ стекнал солидни знаења од класичните јазици и литературата и се здобил со знаења од математиката, физиката и астрономијата кои биле неопходни за продолжување на образованието на високите школи. Треба да споменеме дека веќе тогаш Дубровник имал јасно оформена физиономија на својот културен живот, определена со високо развиената книжевност на народен јазик, како и со векови негуваниот смисол за уметничко творештво во архитектурата, градителството, сликарството и занаетчиството, но и со извонредниот интерес за филозофијата, природно-математичките науки и астрономијата. Во таква дубровачка средина Геталдиќ нашол помош и потстрек за својата работа во математиката, физиката и астрономијата.

Кон крајот на XVI и почетокот на XVII век Марин Геталдиќ шест години бил на студиско патување по земјите на западна Европа: Италија, Франција, Англија, Белгија, Холандија и Германија. Се запознал и се спријателил со многу истакнати математичари, физичари и астрономи од тоа време. Во Париз се спријателил со познатиот француски математичар од тоа време Франсоа Виет, а во Падова со големиот италијански физичар Галилео Галилеј. Геталдиќ од една страна со голема љубов ја проучувал геометријата на античките Грци, а од друга страна ги прифатил новите идеи во алгебрата на Виет (користењето на буквите за означување на броеви и променливи величини и користењето на посебни ознаки за означување на операциите, кои до тогаш се нарекувале со зборови). Благодарение на тоа, како и на своето знаење на Галилеевата наука – новата механика и астрономија – Геталдиќ по враќањето од патувањето во својот

роден град, во периодот од 1603 до 1626 година на латински јазик (во тој период латинскиот јазик бил званичен јазик на науката) напишал седум дела од математиката и физиката, истовремено работејќи и експериментална работа во астрономијата, а особено во физиката.

Во историјата на физиката Геталдиќ влегол со своите дела *Некои ставови за параболата* и *Унапреден Архимед,* кои ги објавил во Рим во 1603 година. Во првото дело Геталдиќ, благодарение на тоа што открил некои нови својства на параболата, ја прикажал својата постапка за изработка на таканаречените параболични огледала, потребни за астрономските набљудувања. Еден вид параболични огледала се и огледалата во фаровите на автомобилите. Во второто дело Геталдиќ, како што зборува и насловот на делот, врз основа на добро познатиот Архимедов закон дал свој оригинален метод за определување на специфичната тежина на цврстите тела и течностите. Во три расправи Геталдиќ се занимавал со обновување на некои изгубени дела на големиот грчки математичар Аполониј.

Во периодот од 1606 до 1613 година Геталдиќ во Венеција објавил четири дела од математика, а по неговата смрт Во 1630 година во Рим е објавено неговото најзначајно математичко дело *За математичката анализа и синтеза*. Во ова дело прв пат систематски се користени буквите и другите симболи во алгебарските операции и нивната примена во проучување на геометриските проблеми, со што всушност Геталдиќ го отворил патот кон синтеза на алгебарата и геометријата, односно кон координатната и аналитичката геометрија, која големиот француски математичар и филозоф Рене Декарт ја иницирал во 1637 година. Ваквата систематска примена на алгебарските симболи и алгебарските операции, кои први ја започнале Виет и Геталдиќ, создала услови за натамошниот силен развој на математиката. Во ова е неодминливото историско значење на Геталдиќ, со кое тој трајно влегол во историјата на математиката и завзел важно место меѓу европските математичари од првата полиовина на XVII век.

Геталдиќ вршел и многу должности во државната служба на Дубровничката Република, особено во дипломатската како пратеник во Цариградската Порта. Тој бил нераскинливо поврзан со родниот Дубровник и особено му бил верен на родниот град. Умрел во Дубровник на 7 или 8 април 1626 година.